# Измена на А – Интегрирана еколошка дозвола

**Име на компанијата**

Друштво за производство и трговија
СОЛ СЕЕ експорт-импорт
ДОО Скопје

**Адреса**

Ул. Пролетерска Бр. 4

**Поштенски број и град**

1060 Скопје

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
бул. Гоце Делчев бр. 18
1000 Скопје

# Содржина

А-Интегрирана еколошка дозвола ............................ Error! Bookmark not defined.

Содржина ....................................................................................................ii

Вовед .......................................................................................................vii

Дозвола .......................................................................................................1

1 Инсталација за која се издава дозволата.........................................................2

2 Работа на инсталацијата.................................................................................5

**2.1 Техники на управување и контрола ........................................................ 5**

**2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ................................................................ 5**

**2.3 Техники на работа.................................................................................... 7**

**2.4 Заштита на подземните води .................................................................. 9**

**2.5 Ракување и складирање на отпадот ........................................................ 9**

**2.6 Преработка и одлагање на отпад .......................................................... 10**

**2.7 Енергетска ефикасност .......................................................................... 11**

**2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија ..................................... 11**

**2.9 Бучава и вибрации .................................................................................. 12**

**2.10 Мониторинг............................................................................................ 14**

**2.11 Престанок на работа.............................................................................. 15**

**2.12 Инсталации со повеќе оператори ......................................................... 16**

3 Документација ...........................................................................................17

4 Редовни извештаи.......................................................................................19

5 Известувања ..............................................................................................20

6 Емисии.......................................................................................................21

**6.1 Емисии во воздух.................................................................................... 21**

**6.2 Емисии во почва...................................................................................... 23**

**6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ..................... 24**

**6.4 Емисии во канализација ......................................................................... 27**

**6.5 Емисии на топлина.................................................................................. 29**

**6.6 Емисии на бучава и вибрации................................................................. 30**

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ......................................35

8 Услови надвор од локацијата .......................................................................36

9 Програма за подобрување............................................................................37

10 Договор за промени во пишана форма .......................................................38

Додаток 1....................................................................................................39

Додаток 2....................................................................................................40

**Речник на користени поими**

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите. |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа дозвола |
| **БПК** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ГВЕ** | Гранични вредности на емисија |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Градежен отпад и отпад од рушење** | Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин. |
| **Гранични вредности на емисија** | Масата, изразена во смисла на одредени специфични параметри, концентрацијата и/или нивото на испуштање, кои не смеат да бидат надминати во текот на еден или повеќе временски периоди. |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстација што може да биде емитирана во единица време. |
| **dB(A)** | Децибели |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Денски** | Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за виоќно времег). |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат ; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во писмена или електронска форма кој се бара со оваа дозвола. |
| **Двегодишно/ биенално** | Еднаш на секои две години |
| **Еколошка штета** | Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 од Законот за животна средина |

| | |
|---|---|
| **Зелен отпад** | Отпадно дрво (не вклучувајќи импрегнирано дрво), растителни материјали како што е откос од трева и друга вегетација. |
| **I.S.EN** | Интернационален стандард ЕН |
| **Инцидент** | (i) итен случај;<br>(ii) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа дозвола;<br>(iii) секое надминување на дневниот капацитет на опремата за ракување со отпад;<br>(iv) секое ниво, дадено во ова дозвола, а е достигнато или надминато, и<br>(v) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи. |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за виндустриски не опасен отпадв од член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад; |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за винсталацијав од член 5 од Законот за животна средина :<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објекти-те, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата. |
| **ИСКЗ** | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **ИСО** | Интернационална организација за стандарди |
| **K** | Келвин (единица мерка за температура). |
| **Капацитет/ опрема за задржување** | Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал, собирници. |
| **kPa** | Кило Паскали. |
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |

| | |
|---|---|
| **Локација чувствителни на бучава (ЛЧБ)** | Секоја резидентна куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **МДКе** | Максимална дозволена концентрација на загадувачки материи во гасовите кои се емитираат. |
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали. |
| **Надлежен орган** | Тело одговорно за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри достапни техники |
| **Неделно** | За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела. |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 08.00 часот |
| **Одржува** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да извршува функцијата. |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за вОператорг од член 5 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста. |
| **Полугодишно** | Целиот или дел од периодите од 6 последователни месеци |
| **Постројка** | Секое место или простор употребен за преработување или пак третман на отпадот. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК. |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа дозвола се однесува на прилози поднесени како дел од оваа дозвола |
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти. |
| **ПСОВ** | Пречистителна станица за отпадни води |
| **ПУЖС** | Програма за управување со животната средина |

| | |
|---|---|
| **ПУРЗ** | План за управување со ризикот по затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има дозвола/е овластена да работи. |
| **РИПЗМ** | Регистер на испуштање и пренос на загадувачки материи. |
| **РК** | Растворен кислород |
| **СЧ** | Суспендирани честички |
| **Санитарен/ комунален ефлуент** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата. |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено. |
| **Соодветно осветлување (светло)** | 20 лукса, мерено на ниво на почва |
| **Стандардна Метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. И.С. ЕН, ИСО, ЦЕН, БС или еквивалентно). |
| **СУЖС** | Систем за управување со животната средина |
| **Тешки метали** | Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 г/цм$^3$. |
| **Течен отпад** | Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја. |
| **X1 софтверски пакет** | Софтвер кој се користи за внесување на податоци, нивно пресметување и претставување на влијанието како и информации за трошоците. |
| **ЦЕН (CEN)** | Comité Européen De Normalisation – European Committee for Standardisation. |

Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/12 и 93/13) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за “Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови ", до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| А - Интегрирана еколошка дозвола за ДПТ СОЛ СЕЕ експорт - импорт ДОО Скопје | 11- 10505/1 | 30.11.2009год |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Измена на А - Интегрирана еколошка дозвола за ДПТ СОЛ СЕЕ експорт - импорт ДОО Скопје | / | / |

СОЛ СЕЕ АД Скопје, Производна единица во Кавадарци, се наоѓа во атарот на село Возарци, во индустриската зона Фени, Кавадарци.
Основната дејност на Инсталацијата е производство на гасен и течен кислород, гасен и течен азот и течен аргон.
Нивното производство се остварува со помош на постројка за сепарација на воздух кој се зема од околината.
Проектираниот капацитет е за течен и гасен кислород 1000 $Nm^3/h$, течен азот 1000 Nm3/h, гасен азот 50 $Nm^3/h$ и течен аргон 58 $Nm^3/h$.
Вкупно вработени 10.

Во СОЛ СЕЕ ДОО - Скопје, Производна единица во Кавадарци, ракувањето со суровини, помошни материјали и електрична енергија се одвива според високо автоматизирана технологија која ги обезбедува условите за добивање на производи со бараниот висок квалитет. За таа цел во Инсталацијата постои

соодветна опрема наменета за производство, складирање, дистрибуција и транспор.
Нејзината состојба на исправност и функционалност редовно се одржува и контролира.

Во Инсталациата, од процесот на производство, индустриски цврст и течен отпад не се генерира. Незначителни количини на цврст инертен отпад се собира во контејнери и неговото отстранување од локацијата го врши Јавното комунално претпријатие.

Во Инсталацијата нема емисија во воздухот од точкасти извори.
Фугитивни емисии на $O_2$, $N_2$ и Ar се јавува во процесот на производство, полнење и складирање. Количинитете не се дефинирани.

Од Инсталацијата има еден испуст на емисија во отворен канал кој врви близу до СОЛ СЕЕ, Кавадарци и ФЕНИ Индустри т.н. Јужен канал. Тоа е испуст на вода која повремено се испушта од затворените системи за ладење (ладилни кули).
Постројката користи вода за ладење која се црпи од сопствени бунари. Претходно омекната, таа служи за надополнување на загубите во системите за ладење.

Појавата на вибрации во Инсталацијата е резултат на работата на ротационите машини и опрема. Со цел обезбедување на сигурна работа на истите, Операторот врши редовна контрола на нивната вибрациона состојба.

Во Инсталација нема посебни уреди и системи за директно намалување на загадувањето. Мерките за намалување на загадувањето во водата се превземени индиректно, со воведување на висока автоматизација на производниот процес со постојаната он-лине контрола и сигнализација. Тоа овозможува ефикасно користењена водата за ладење, која претходно се омекнува.
Во склоп на СОЛ СЕЕ АД Скопје, Производна единица Кавадарци, во функција е Нова постројка за производство на гасен кислород VSA ( Vacuum Swing Adsorption), наменета за потребите на ФЕНИ Индустри, односно за негово снабдување со гасен кислород. Производниот процес се остварува со помош на постројка за сепарација на кислород со помош на вештачки зеолит, од воздухот кој се зема од околината. Со оглед на фактот дека постоечката постројка е со слична намена, VSA ( Vacuum Swing Adsorption) постројката претставува надополнување/проширување на производните активности кои веќе се реализираат на локацијата.

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било какаква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса**:** **Бул. Гоце Делчев 18 (зграда на МТВ), 1000 Скопје, Република Македонија.**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина, итоа по службена должност или по барање на операторот.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При  делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање | Добиено | |
| Барање бр.11-7442/1 | 31.12.2007 | Доставено е барање |
| Известување Бр.11-530/1 | 21.01.2008 | Напишано е известување до ТГС Тенички гасови АД-Скопје за прием на барањето |
| Доставување на примерок од барањето до Државн Инспекторат за животна средина при МЖСПП бр. 11-467/1 | 16.01.2009 | Доставен е примерок од барањето до Државн Инспекторат за животна средина |
| Доставување на примерок од барањето до ККЈ при МЖСПП бр. 11-467/1 | 16.01.2009 | Доставен е примерок од барањето до Канцеларијата за комуникација со јавноста |
| Доставување на примерок од барањето до Министерство за Здравство бр. 11-467/1 | 16.01.2009 | Доставен е примерок од барањето до Министерство за Здравство |
| Доставување на примерок од барањето до Министерство за Земјоделие бр. 11-467/1 | 16.01.2009 | Доставен е примерок од барањето до Министерство за Земјоделие |
| Доставување на примерок од барањето до Општина Ѓорче Петров бр. 11-467/1 | 16.01.2009 | Доставен е примерок од барањето до Општина Ѓорче Петров |
| Објавување на Барањето во весникот Вечер и Лајм бр.11-517/1 од 20.01.2009 | 17.01.2009 | Објавување на барањето во дневен печат |
| Барање за дополнување бр. 11-1550/2 | 03.03.2009 | Напишан е заклучок за првото дополнување на барањето |
| Доставување на дополнување бр. 11-5378/1 | 23.06.2009 | Доставено е прво дополнување на барањето |
| Записник од состанок со ТГС | 30.10.2011 | Записник од прв состанок со ТГС |

| | | |
|---|---|---|
| Технички гасови АД Скопје бр.11-9547/1 | | Технички гасови АД Скопје |
| Заклучок за дополнување бр.9544/1 | 30.10.2011 | Напишан е втор заклучок за второ дополнување на барањето |
| Доставување примерок од изготвена Нацрт А-ИЕД до надлежни институции и органи бр. 11-10200/1 | 20.11.2009 | Државен инспекторат за животна средина, канцеларија за комуникација со јавноста, Министерство за здравство, МЗШВ, Општина Кавадарци |
| Објава во дневен печат на Нацрт А-ИЕД бр. 10012/1 | 16.11.2009 | Извршена Е ОБЈАВА НА Нацрт А-ИЕД во Вечер и ЛАЈМ |
| Доставување на дополнување на барањето бр. 11-10398/2 | 25.11.2009 | Доставено е дополнување на барањето |
| Записник од состанок со ТГС технички гасови АД Скопје бр.11-10398/2 | 26.11.2009 | Записник од втор состанок со ТГС Технички гасови АД Скопје |
| Издадена е А-ИЕД бр. 11-10505/1 за СОЛ СЕЕ експорт-импорт ДОО Скопје, производна единица Кавадарци | 30.11.2009 | Одлучено е позитивно, Издадена е А-ИЕД |
| Барање за измена на А – ИЕД бр. 11-2459/1 | 14.03.2013 | Согласно Член 116 од Законот за животна средина доставено е барање за Измена на А-ИЕД по барање на операторот |
| Известување бр. 11-2459/2 | 19.03.2013 | За прием на барањето од страна на МЖСПП |
| Објава на барањето за измена на А-ИЕД бр. 2459/3 | 13.06.2013 | Барањето за измена на А-ИЕД е об јавено во Вечер, КОНА и на веб страната од МЖСПП на 18.06.2013 |
| Доставување на примерок од барањето за измена до Државен Инспекторат за животна средина при МЖСПП бр. 11-2459/4 | 03.07.2013 | Доставен е примерок од барањето за измена на А - ИЕД |
| Доставување на примерок од | 03.07.2013 | Доставен е примерок од барањето за измена на А |

| | | |
|---|---|---|
| барањето до Општина Кавадарци бр. 11-2459/4 | | - ИЕД |
| Доставување на примерок од барањето до Општина Кавадарци бр. 11-2459/4 | 03.07.2013 | Доставен е примерок од барањето за измена на А - ИЕД |
| Доставување дополнителни документи бр. 11-2459/5 | 26.07.2013 | Согласно заклучок бр.13-03-6213 од 17.07.2013 |
| Објава на Нацрт измена на А-ИЕД | 25.09.2013 | Нацрт измената  на А-ИЕД е објавена во Вечер, КОНА и на веб страната од МЖСПП на |

Дозвола

Закон за животна средина

# Измена на Дозвола

Број на дозвола

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник Бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/12 и 93/13 ), го овластува

**Операторот:** Друштво за производство и трговија на СОЛ СЕЕ експорт-импорт ДОО Скопје

со регистрирано седиште на

**Адреса:** Пролетерска Бр. 4

**Поштенски број Град:** 1060 Скопје

**Држава:** Р. Македонија

**Број на регистрација на компанијата:** 5871042

да раководи со Инсталацијата

**Цело име на инсталацијата:** СОЛ СЕЕ експорт-импорт ДОО Скопје

Постројка за сепарација на воздух

**Адреса:** Индустриска зона Фени,

с.Возарци

**Поштенски број Град:** 1430 Кавадарци

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

**МИНИСТЕР**

**Abdilaqim Ademi**

[

Датум

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

**1.1.1** Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела** 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Хемиски инсталации за производство на базични неоргански хемикалии:<br>а) гасови, како што се: амоњак, хлор и хидрогенхлорид, флуор или хидрогенфлуорид, јаглеродни оксиди, сулфурни соединенија, азотни оксиди, водород, сулфур оксид, карбонилхлориди<br>(Анекс I, точка 4.2. а.) | Производство на течен кислород, гасен кислород, течен азот , гасен азот и течен аргон<br><br>**Производство на гасен кислород во новата постројка VSA(Vacuum Swing Adsorption)** | Проектиран капацитет на инсталацијата е течен кислород 1000 $Nm^3/h$, гасен кислород 1000 $Nm^3/h$, течен азот 1000 $Nm^3/h$, гасен азот 50 $Nm^3/h$ и течен аргон<br><br>Проектиран капацитет на новата постројка VSA(Vacuum Swing Adsorption): 1400 $Nm^3/h$ при влезен воздух од 8000 $Nm^3/h$ |

**1.1.2** Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Координати на локацијата |
| Мапа на СОЛ СЕЕ експорт-импорт ДОО Скопје Постројка за сепарација на воздух | 21,94977 E, 41,43467 N |



**1.1.3** Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без писмено одобрување на Надлежниот орган.

**1.1.4** Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за Заштита на животната средина (Службен Весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010, 21/2011, 123/12, 93/2013) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

**1.1.5** Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола, Сите програми кои треба да се извршат според условите на оваа Дозвола стануваат дел од дозволата

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

**2.1.1** Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето за дозвола за ИСКЗ наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

**Табела 2.1.1 : Управување и контрола**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Општа организациона карта | Барање и прилог кон барањето, Поглавје III | 31.12.2007 |
| Политика во однос на управување и квалитет | Барање и прилог кон барањето, Поглавје III | 31.12.2007 |
| Политика во однос на безбедност и опкружување | Барање и прилог кон барањето, Поглавје III | 31.12.2007 |
| Поглавје II.2.1 | Барање за измена на А-ИЕД | 14.03.2013 |

**2.1.2** Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата,ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

**2.1.3** Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

**2.1.4** Копија од оваа дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

**2.1.5.** На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци и прашина. Во рамките на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпадоци и истекувања од прашина.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

**2.2.1** Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Листа на суровини | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје IV | 31.12.2007 |
| Енергенти, електрична енергија | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје IV | 31.12.2007 |
| Вода за ладење | Дополнување на барањето | 23.06.2009 |
| Поглавје IV | Барање за измена на А-ИЕД | 14.03.2013 |

**2.2.2** Операторот ќе направи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалувањето на создавањето отпад. Утврдувањето ќе се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во Распоредот на цели и задачи за животната средина.

**2.2.3** Полните канти, буриња и други контејнери кои се чуваат за складирање на материјали ќе се чуваат одвоено од празните. Отпадот од амбалажата за масла ќе се чува одвоено од маслата кои се чуваат во безбедна област. Маслата кои се пакувани во буриња ќе се складираат во обезбедена област подалеку од магацинот за амбалажа од масла.

**2.2.4** Се задолжува Операторот да обезбеди Дозвола за користење на бунарска вода, во рок од шест месеци од издавањето на дозволата.

## 2.3 Техники на работа

**2.3.1.**Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.3.1 : Техники на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Технолошка шема | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Всисување на атмосферски воздух | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Компримирање на воздух | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Сепарација на воздух преку дестилација | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Ладење на воздух со разладна вода | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Ладење на воздух со изменувачи на топлина | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Втечнување и разложување на воздух | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Ладен блок | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Компресори | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Постројки за добивање на течен како и гасен кислород,азот и кислород | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Филтри | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Постројка за сушење на компримиран воздух | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Резервоар за течен кислород | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Резервоар за течен азот | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Резервоар за течен аргон | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Погон за полнилница | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Паркинг за автоцистерни | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Трафостаница | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II | 31.12.2007 |
| Поглавје II | Барање за Измена на дозволата | 14.03.2013 |

## 2.4 Заштита на подземните води

**2.4.1** Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

| **Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води** | | |
|---|---|---|
